Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-332/3
Дата: 22-04-2024

По претставката бр. 08 – 332/1 од 26.03.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

## за отфрлање на претставка поради ненадлежност

**СЕ ОТФРЛА** претставката заведена под бр. 08 – 332/1 од 26.03.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] **заради ненадлежност**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 26.03.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка, заведена под бр. 08 – 332/1, поднесена од [redacted] против [redacted]

Во претставката се наведува дека подносителот, кој е вработен во Универзитетот Мајка Тереза, [redacted], извршува работни задачи што не соодвествуваат со неговиот работен профил – обезбедување на имот. На барање на ректорот извршувал работни задачи како одржување на паркот, косење на трева, кастрење дрва и чистење смет. Подносителот наведува дека поради тоа се чувствува дискриминиран, од причина што наведените работни задачи не соодвествуваат со неговите квалификации. Како резултат на наведеното истакнува дека кон него е вршен булинг и константен психички притисок.

По разгледувањето на претставката, констатираме дека адресираниот проблем не спаѓа во рамки на законските надлежности на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, предвидени во член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Тоа од причина што наведеното во претставката не укажува на нееднаков третман врз заштитна карактеристика на подносителот на претставката. За да се работи за дискриминација, во смисла на член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација: *„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и*

*услугите.“* **потребно е да постои нееднаков третман кон подносителот за разлика од други лица, кој е заснован на некоја негова заштитна карактеристика – дискриминаторска основа.** Дискриминаторка основа, согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација е *„раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.“*

**Од наведеното во претставката произлегува дека не постојат индиции за нееднаков третман врз подносителот заснован на конкретна дискриминаторска основа. Оттука произлегува дека во случајот не се работи за дискриминација, туку за потенцијални повреди на правата од работниот однос**.

Во таков случај, за потенцијални повреди на правата од работниот однос, подносителот може да поднесе пријава до Државниот инспекторат за труд како надлежен орган за вршење на инспекциски надзор и работи од областа на трудовото законодавство, како и вршење на инспекциски надзор кај работодавачите во врска со начинот на примена на законите и останатите прописи со кои се регулираат работните односи, колективните договори и договорите за работа  или пак да поведе судска постапка пред надлежен граѓански суд.

Согласно наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката со бр. 08 – 332/1 поради ненадлежност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- [redacted]